Елица МАНЕВА

**УДК: 904 : 391.1 (497.742) „04“**

# СВЕЧЕНАТА МАШКА ОДЕЖДА ОД КРАЈОТ НА XV ВЕК

*- Некропола Водоча, Гроб 934 -*

***Кратка содржина:*** *Гробот 934 од некрополата на локалитетот: Комплекс Водочки цркви, Св. Леонтиј, село Водоча кај Струмица припаѓал на млад, робусен маж* (Сл. 1).

*На десната рака тој имал бронзен прстен - печатник со длабоко врежан орнамент во вид на „елово гранче“ датиран кон крајот на XV век* (Сл. 2-3).

*На градите се најдени две шупливи, топчести копчиња со кои се закопчувале полите на некој полесен дел од облеката,* (Сл. 4$_{(1-2)}$)*. како и четири крупни, полукалотести, луксузни петлици пришиени за помасивен, горен дел од одеждата* (Сл. 5$_{(1-4)}$). *Овие последниве се уникатни по изгледот и декорацијата на видливата, горна, кружна површина (комбинација од розетки - имитација на филигран и гранулација). Според обликот тие се датираат во XV век.*

*Судејќи по распоредот на копчињата, аналогии за изгледот на облеката од гробот 934 се наоѓаат во машките облеки од ктиторските композиции на фреско живописот од поширокиот регион од крајот на XIV и последните децении на XV век.*

***Клучни зборови:*** *НЕКРОПОЛА, ВОДОЧА, ПРСТЕН, КОПЧИЊА, КТИТОРСКИ КОМПОЗИЦИИ, ФРЕСКО ЖИВОПИС.*

Во археолошката кампања од 2000 година која на некрополата од *Комплексот Водочки цркви, Св. Леонтиј во село Водоча*, на 4 км североистично од Струмица ја водеше археологот Јован Ананиев, откриен е гробот 934.[1]

---

[1] Гробот 934 е евидентиран во Дневникот на ископување на некрополата Водоча на 05.12.2000 година. За историјатот на ископување на некрополата види: Е. Манева, 2007, 14-19, п. 39.

Гробната јама лоцирана во Кв. В 19, била вкопана во темели од постари градби. Нејзината должина изнесува 1,88 м, ширината кај главата е 0,64 м, кај карлицата 0,65 м, а кај стапалата 0,34 м.

Јамата е оградена со по неколку камења покрај левата потколеница и десната рака и со по еден камен над главата и покрај десното стапало (Сл. 1).




Сл. 1. *Гробот 934 - in situ*

Над градите се забележани остатоци од дрвена, покривна штица што според аналогиите од водочката некропола соодветствува со подоцнежните и побогати погребувања.

За скелетот не постои подетална антрополошка анализа.[2] Сепак, според теренските податоци може да се заклучи дека станува збор за млад, робусен маж. Скелетот е речиси комплетно зачуван, но со искршени коски, особено на черепот, дланките, стапалата и другите поситни коски.

Главата лежела на 0,90 м, додека нозете на 1,00 м. од површинскиот терен.

Покојникот бил положен на грб со испружени нозе, раце свиткани во лактите со дланките поставени на половината.

Ориентацијата на гробот е христијанска во правец З-И, со отстапување од 24$^{o}$ кон север (Сл. 1).

Иако гробот не обилува со наоди од накит (откриен е само еден прстен) мошне е интересен заради присуството на два типа копчиња кои за првпат, со археолошки показатели ја навестуваат, свечената, машка одежда, (Сл. $1/_{1\text{-}3}$); (Сл. $4_{(1\text{-}2)}$); (Сл. $5_{(1\text{-}4)}$) на еден достоинственик од крајот на XV век.

*Прстенот* (инв. бр. 2606) е откриен во пределот на десната дланка (Сл. $1/_{1}$); (Сл. $2_{а,б}$), (Сл. $3_{а,в}$).



Сл. $2_{а,б}$. *Прстен од гробот 934*

[2] Во антропометриската документација што за водочкиот материјал ја води д-р Фаница Велјановска, гробот 934 не постои. Веројатно, спаѓал во групата скелети кои биле дополнително погребани со црковна панахида.




Сл. $3_{а,в}$. *Прстен од гробот 934*

Тоа е едноставен, релативно масивен примерок (тежок 7,83 гр.; висок 24 мм, со внатрешен дијаметар од 19 мм).

Прстенот е излеан од бронза во една маса. Обрачот има лачен, речиси полукружен пресек со плочесто здебелување на долниот дел.

Надворешната површина од обрачот во горната половина е украсена со по пет грубо врежани, попречни линии, а просторот меѓу нив е делумно исполнет со снопови од подолжни цртички.

На ист начин, со низа од коси цртички означена е и надворешната страна од плочесто здебелената глава која се надградува на обрачот (Сл. $2_{б}$).

Рамната, елипсовидно издолжена глава е потенцирана со длабоко врежана линија која го следи надворешниот раб. Со две надолжни линии, нејзината површина е издвоена на три сегменти исполнети со цртички. (Сл. $2_{а,б}$); (Сл. $3_{а,в}$). Притоа се инсистира на симетрија на двете крајни низи со спротивно врежани, коси ознаки, така што заедно со средната лента го доловуваат мотивот кој вообичаено се нарекува „елово гранче“.

Впрочем, стилизацијата и поедноставувањето на декорацијата се толку минималистички прикажани што гледано од сегашен аспект се чинат како нечитлив „запис“.

Од друга страна, целокупниот изглед, морфолошките карактеристики и начинот на орнаментирање на овој прстен недвосмислено упатуваат на византиските урнеци што се среќаваат меѓу луксузниот накит од XIV век.[3]

Анализирајќи го примерокот од гроб 934 од Водоча, се забележува дека врежаните линии на горниот дел од обрачот и на просторот околу главата се рустични рецидиви од раскошните мотиви (преплети,

[3] Како можна предлошка може да се посочи раскошниот, сребрен прстен, богато декориран со ниело од третата деценија на XIV век откриен во Скопје. Б. Радојковић, 1969, 349, кат. бр. 44; Е. Манева, 1992, Т. 96, с/7 итн.

лозички, ластунки и др.) изведени во скапоцената техника на ниело на овие позиции кај постарите луксузни прстени од XIV век.[4]

Длабокото врежување на горната елипсовидна површина од главата кај прстенот од гробот 934 (Сл. $2_{а,б}$); (Сл. $3_{а,в}$) и настојувањето на мајсторот да прикаже одделен, специфичен мотив, дава за право да се каже дека во случајов станува збор за прстен-печатник со евентуалниот амблем или идеограм карактеристичен за неговиот носител.

Острите рабови и неизабените врежувања на прстенот покажуваат дека тој не бил во долга употреба. Како таков тој се датира кон крајот на XV век.[5]

Оваа декоративна шема и морфолошките особини на прстените во вековите што следат по XIV век, често се копирани во локалните работилници, преоѓајќи во препознатлив, рустифициран, обнароден или одомаќен накит. Варијантите и вариететите, притоа, се подразбираат. Покрај другото (осиромашувањето во изработката и материјалот, индивидуалните способности на мајсторите итн.), варијациите се резултат и на повеќевековното присуство на овој тип прстени кој е омилен во временскиот период од XV до почетоците на XVII век.[6]

*Две копчиња;* топчести, шупливо лиени, дводелни, составени од две полукалоти, со гранула на едниот и ушка од жица за зашивање на другиот крај. Најдени се врз градите на покојникот од гробот 934, едното под брадата (инв. бр. 2607), а другото на средината од градниот кош (инв. бр. 2608) (Сл. 1/$_{3}$); (Сл. $4_{(1\text{-}2)}$).




Сл. $4_{(1\text{-}2)}$. *Шупливи, топчести копчиња*

[4] Ibidem.
[5] Е. Манева, 2007, кат. бр. 36.
[6] Ibid., кат. бр. 49, 55-57 итн.

И двете се речиси идентични, бронзени, поволуменозни од вообичаеното, односно имаат поголеми димензии од оние што најчесто се среќаваат во Водочката и другите некрополи од истото време.[7]

Нивниот дијаметар изнесува 17 мм, висината заедно со ушката и гранулата на врвот е 26 мм.

Овие копчиња, секако, имале функција да ги закопчат двете поли од некој дел од облеката преку кој се носел помасивен надворешен додаток (Сл. 6-10).

Со својот конзерватизам во обликот, начинот на изработка и материјалот (бакар или бронза) топчестите, шупливо лиени копчиња во овие краеви, опстојуваат со незначителни измени од средниот век кога се појавуваат, па сè до напуштањето на македонската, народна носија кон крајот на XIX и првите децении од XX век.[8]

*Четирите полукалотести копчиња - петлици* (инв. бр. $2609_{(1\text{-}4)}$) по својот изглед, квалитет и нагласена големина претставуваат своевиден куриозитет нè само меѓу наодите од Водочката некропола туку и пошироко во наведеното време[9] (Сл. $5_{(1\text{-}4)}$).




Сл. $5_{(1\text{-}4)}$. *Полукалотести, декорирани петлици*

[7] Е. Манева, 1992, Т. 99; Т. 100; Ead., 2007, кат. бр. $68_{а,б}$; $69_{(1\text{-}12)}$.
[8] Е. Манева, 1992, Т. 99, Т. 100; *Македонски народни носии,* Т. XXII, Т. XXXVII.
[9] Е. Манева, 2007, кат. бр. $67_{(1\text{-}4)}$.

Тие се откриени во низа на средината од градниот кош на покојникот од гробот 934, со исклучок на едно кое лежело десно од брадата, веројатно, дополнително поместено (Сл. ½).

Корпусот на копчињата е во вид на шуплива полукалота со мала перфорација направена од технички причини. Дијаметарот изнесува 20 мм, висината на ушката 10 мм, а целосната висина е 21 мм.

Излиени се од легура на сребро, со дополнително додадена ушка од едната страна и со залемена кружна, украсна плочка на горниот, видлив дел.

Декорацијата, имитација на филигран и гранулација, изведена во техника на леење се состои од четири, покрупни, конусовидни розетки со пет помали, крстесто распоредени меѓу нив и во средината. Просторот меѓу сиве овие розетки е обележан со низи точкести испакнатинки, веројатно како имитација на гранули (Сл. $5_{(1\text{-}4)}$).

За одбележување е дека на ова рамно, кружно поле кај одделни примероци од крајот на XIV и првата половина од XV век, кај полукалотестите копчиња се среќаваат богати украсувања со ниело,[10] но и амблеми, односно редуцирани гробови со претстави на најкарактеристичните елементи од грбовите на видните велмошки семејства како двоглав орел или калпак со рогови.[11]

Меѓу многубројните копчиња со најразлични облици од Ново Брдо датирани со монети од XV век откриени се и полукалотести копчиња, со помали димензии (некогаш и од сребро), со рамна, неукрасена, горна, кружна површина.[12] Исти такви примероци од XV век се познати и од некрополата во Водоча.[13]

Според декорацијата, четирите крупни петлици од гробот 934 од Водоча се уникатни, но според нивниот полукалотест облик тие, сепак се датираат во XV век.

---

[10] Полукалотести, покрупни копчиња, луксузни, изработени од сребро со позлатување, со релјефен украс на горната, кружна површина потекнуваат од Ново Брдо. Датирани се на крајот од XIV и во првата половина на XV век. Украсот им е крстолик, а изработката со ковање врз матрица. Уште еден идентичен примерок потекнува од гробот 34 од наосот на катедралната црква во Ново Брдо. Според Е. Зечевиќ тоа се копчиња од типот $5/_2$. Е. Зечевић, 2004, 210, сл. 32; Ead., 2006, 131, 226, кат. бр. 120. Копче со слични морфолошки карактеристики потекнува и од некрополата Ловеч во Бугарија. С. Георгиева, Р. Пешева, 1955, 549, обр. 43/2.

[11] Б. Радојковић, 1969, 231, Т. 163; М. Ћоровић-Љубинковић, 1975, 181, n. 39, сл. 36; Е. Зечевић, 2004, 210, n. 110; А. Ацовић, 2008, 147, сл. 4, 5; p. 191, сл. 6; p. 197, сл. 3.

[12] Од некрополите во Ново Брдо покрај останатите облици и типови копчиња најдени се и помали полукалотести примероци датирани со монети од XV век, од емисиите на деспот Стефан Лазаревиќ, деспот Ѓураќ Бранковиќ и унгарскиот крал Жигмунд. Е. Зечевић, 2004, 210, сл. 29, 32; Ead., 2006, 119-133, 226, кат. бр. 119, 120 итн.

[13] Е. Манева, 2007, кат. бр. $66_{(1\text{-}12)}$; Ead., 2010, sl. $7\text{-}10_{(1\text{-}12)}$.

Нема сомнение дека тие се поретки и поскапоцени примероци (веројатно имитација на уште пораскошни предлошки) со кои се закопчувала свечената машка одежда од XV век.

За жал, во гробот 934 не се откриени никакви текстилни или други органски остатоци од облеката.[14]

Потрагата по изгледот на машката одежда од крајот на XV век неминовно води кон ктиторските портрети живописани во тоа време во поширокиот регион.

Анализирајќи ја облеката на профаните портрети од ктиторската композиција насликана во 1461/2 во црквата *Вознесение, село Лескоец, Охридско,* своевремено беше коментиран и женскиот костим на ктиторската Вулка (Сл. 6), при што беа најдени одделни аналогии со археолошките траги од облеката зачувани во женскиот гроб 862 од Водочката некропола.[15]



Сл. 6. *Ктиторите Тоде и Вулка. Вознесение, с. Лескоец, Охридско (1461/2) (Цртеж. Д. Спасова)*

За елементите, односно копчињата од свечената, машка одежда откриени во гробот 934 од Водоча блеска аналогијата во претставата на ктиторот Тоде од истата композиција насликана во наведената црква од село Лескоец (Сл. 6).

И покрај оштетувањата на фреско живописот со кои се уништени долните делови од ктиторските претстави, сепак, јасно се распознава загасито црвениот кафтан закопчан со крупни петлици на градите што ктиторот Тоде го носел под темно графитната, напред отворена наметка со ракави или само со отвори за рацете.[16]

[14] Е. Манева, 2007, 37-39, сл. 14 итн.
[15] Е. Манева, 2010, сл. 13-17.
[16] Г. Суботиќ, 1980, 93-97, сл. 74.

И кафтанот и наметката ги имаат карактеристичните триаголни околувратници, детал кој се среќава и кај другите машки претставници на ктиторските портрети од истото време (Сл. $7_{а,б}$-10).

Речиси истите елементи и делови од свечената машка облека се среќаваат и кај граѓанскиот патрицијат од моментот на османлиските освојувања прикажани на ктиторската композиција во црквата *Св. Константин и Елена од Охрид*, како и во онаа другата, насликана во истата црква во XV век (Сл. $7_{а,б}$).

И покрај послабата видливост и зачуваност, и кај двете ктиторски композиции од Св. Константин и Елена, освен триаголниот околувратник кај машките облеки се забележува и наметката која се спушта низ плеќите, белата риза под кафтанот, свилениот појас - силавот опашан на половината и врзан во јазол без тока, потоа чорапите и карактеристичните обувки со две „V“ изрежувања кои достигаат до скочните зглобови[17] (Сл. $7_{а,б}$).



Сл. $7_{а,б}$. *Ктиторски композиции од крај на XIV и XV век. Св. Константин и Елена, Охрид. (според Г. Суботиќ)*

[17] Ibid., 78-86, сл. 60, сл. 63.

Со истите, веќе наведени делови од облеката, но со многу појасни поединости (на пример, крзнена постава на наметките која се гледа на рабовите) претставени се и машките ликови во ктиторската композиција од семејството на Радослав Мавр и Вида и нивните двајца синови живописани во припратата на *Богородичината црква во Драгалевци* од крајот на XV век[18] (Сл. 8).



Сл. 8. *Ктиторска композиција на Радослав Мавр со семејството. Богородичина црква, село Драгалевци (според Ј. Ковачевиќ)*

Интересна претстава со аналогни својства, на оваа традиционална, машка, свечена облека се среќава и кај младото момче, син на ктиторот Радивој, прикажан на живописот во *црквата од Кремиковци* насликан во 1499 година[19] (Сл. 9).

И Никола, синот на ктиторката Милица од *Матка* како претставник на градскиот патрицијат од Скопје (1497 год.) прикажан е со раскошна наметка украсена со богат вез на околувратникот и рабовите на предните поли. Полите во овој случај се закопчувале со низа од бисерни копчиња какви се сошиени и на страничните отвори за рацете[20] (Сл. 10).

[18] Ј. Ковачевић, 1953, 71, сл. 72; Г. Суботиќ, 1980, 116-139, сл. 120.
[19] Ј. Ковачевић, 1953, 72-74, сл. 37-39.
[20] Г. Суботиќ, 1980, 141-158, сл. 107, сл. 115.



Сл. 9 *Децата на ктиторот Радивој. Кремиковци (1499) (Според Ј. Ковачевиќ)*



Сл. 10 *Ктиторска композиција на Милица и синот Никола, Матка (1497) (според Г. Суботиќ)*

Сумирајќи ги резултатите од истражувањата на археолошките наоди од облеката откриени во гробот 934 од Водоча и споредувајќи ги

со претставите на ктиторските композиции, од наведеното време, може да се навести изгледот на машката, свечена одежда на повидните личности од крајот на XV век.

Личноста од гробот 934, веројатно била претставник на т.н. „баштинари", општествен слој на христијани, потомци од поситното, средновековно племство, познати под ова име од турските, опширни, пописни дефтери од првите векови на османлиското владеење во овие краеви.[21]

[21] А. Стојановски, 1989, 241-249; *Турски документи,* Том V, кн. III, 81, 648,657; Е. Манева, 2007/1, 383-395 итн.

## Литература

Ацовић, Д., 2008. *Хералдика и Срби,* Београд.

Ананиев, Ј., 1989. *Водоча, црква Св. Леонтие - Водоча, Средновековна некропола,* АР 28 (1987), Ljubljana, 185-186.

Бајаловић - Хаџи-Пешић, М., 1984. *Накит VIII-XVIII века у Музеју града Београда,* Београд.

Георгиева, С., Пешева, Р., 1955. *Средновековен български некропол край гр. Ловеч и накитите намерени в него,* НАИ, София.

Ћоровић-Љубинковић, М., 1975. *Представе грбова на прстењу и другим предметима материјалне културе у Србији, О Кнезу Лазару,* Београд, 171-183.

Долмова-Лукановска М., 2005. *Пърстените-печати като белег на сълавна принадлежност,* ИРИМ, XX, Велико Търново, 176-185.

Иванић, Б., 1995. *Накит из збирке Народног музеја од 15. до почетка 19. века,* Београд.

Ковачевић, Ј., 1953. *Средњовековна ношња Балканских Словена - Студија из историје средњовековне културе Балкана.* Посебна издања Историјског института САНУ (CCXV), књ. 4, Београд.

Манева, Е., 1992. *Средновековен накит од Македонија*, Скопје.

Maneva, E., 2005. *Ancient Jewellery from Macedonia - Middle Age,* Calamus, Skopje.

Манева, Е., 2007. *Древниот накит од Македонија - Водоча,* Каламус, Скопје.

Манева, Е., 2007/$_1$. *Два честита прстена-печатника на неидентификувана личност од Водоча од XVI век,* ГЗФФ LX, Скопје, 383-395.

Манева, Е., 2010. *Детали за народната, женска облека од XVI век - Некропола Водоча, гроб 862,* Patrimonium MK, Скопје, 149-159.

Вера Кличкова, Аница Петрушева, 1969. *Македонски народни носии,* (илустрации: О. Бенсон, М. Малахова), Скопје.

Радојковић, Б., 1969. *Накит код Срба од XII до краја XVIII века,* МПУ, Београд.

Стојановски, А., 1989. *Македонија во турското средновековие (од крајот на XIV - почетокот на XVIII век),* Скопје

Суботиќ, Г., 1980. *Охридската сликарска школа од XV век,* Охрид.

*Турски документи за историјата на македонскиот народ, Опширни пописни дефтери од XVI век за Ќустендилскиот санџак*, 1982. Том V, кн. III, Скопје.

Васиђ, П., 1953. *Југословенске ношње у XVI веку,* ЗЕМ (1901-1951), Београд, 129-143.

Здравев, Ѓ., 1996. *Македонски народни носии*, Скопје.

Зечевиђ, Е., 2004. *Накит Новог Брда,* Ново Брдо,Београд.

Зечевиђ, Е., 2006. *Накит Новог Брда, НМ,* Београд.

Elica MANEVA

# FORMAL MALE GARMENT FROM THE LATE 15$^{TH}$ CENTURY
Necropolis at Vodoča, Grave 934


## Summary

Grave 934 on the site of the *Vodoča Church Complex, Church of St. Leontius in the village of Vodoča* near Strumica belonged to a young, robust man. **Fig. 1**. He wore a bronze seal ring on his right hand, with a deeply carved ornament in the shape of a "fir tree branch" (?) dated to the late 15$^{th}$ century. **(Fig. 2-3)**

On his chest, two hollow, ball-shaped small buttons have been discovered which were used for the buttoning of a lighter piece of garment (**Fig. 4**$_{(1-2)}$), as well as four large lavishly crafted buttons in the shape of a semi-calotte sowed onto the more bulky upper part of the garment. **Fig. 5** $_{1-4}$. Their appearance is unique, as well as the decoration on the visible upper round surface (a combination of small rosettes, imitation of filigree and granulation). Their shape indicates that they should be dated to the 15$^{th}$ century.

The arrangement on the large buttons on the garment from Grave 934 has its analogies in the depiction of male pieces of clothing in the donors' compositions in the fresco painting from the wider region dating from the period between the late 14$^{th}$ century and the last decades of the 15$^{th}$ century.


**Key words**: NECROPOLIS, VODOCHA, RING, BUTTONS, DONORS' COMPOSITIONS, FRESCO PAINTING